**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ОСУМНАЕСЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 28.11.2022 година

**СКОПЈЕ, НОЕМВРИ 2022 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од осумнаесеттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 28.11.2022 година**

Седницата започна во 12:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **седумнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **седумнаесеттата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **21 глас "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, **со следните предлози за дополнување** на предложениот дневен ред:

Согласно извештајот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина, бр.09-6896/2 од 25.11.2022 година и извештајот на комисијата за финансии и буџет, бр.09-6897/2 од 25.11.2022 година се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**8.** Предлог - Програма за изменување на програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година.

Согласно известување од стручната служба непосредно пред почеток на седницата, се предлага дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**9.** Предлог - Одлука за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 8** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **20 гласа "ЗА"**.

Предлогот за дополнување на предложениот дневен ред со **точка 9** беше ставен на гласање. Советот **го усвои** предлогот со **17 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

Претседателот на Советот констатираше дека точките "8" и "9" се составен дел од предложениот дневен ред.

За работата на седницата со **17 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје;
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2022/2023 година;
3. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на висина на надоместок за учество во работа на надворешни членови - стручни лица од областа на урбанистичко планирање, во комисија формирана од Градоначалникот на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за задолжување на членовите на Советот на Општина Гази Баба за мандатен период 2021 - 2025 година, со основни средства - таблет компјутери;
5. Предлог - Одлука за прием во сопственост на движна ствар - компјутерска опрема, врз основа на правно дело;
6. Предлог - Одлука за задолжување на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај за превземање на активности со цел регулирање на постапка за поставување на броила за електрична енергија на земјоделско земјиште, на подрачјето на Општина Гази Баба;
7. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2022 година;
8. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година; и
9. Предлог - Одлука за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.11.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, со **19 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2022/2023 година.**

Претседателот на комисијата за општествени дејности - **м-р Соња Зашовска**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.11.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваше членот на советот - Орде Маневски (Левица).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за донесување на Правилник за утврдување на критериуми за прием на деца, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, во учебната 2022/2023 година, со **21 глас "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за определување на висина на надоместок за учество во работа на надворешни членови - стручни лица од областа на урбанистичко планирање, во комисија формирана од Градоначалникот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **м-р Александар Каровски**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.11.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Сузана Трпковска (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за определување на висина на надоместок за учество во работа на надворешни членови - стручни лица од областа на урбанистичко планирање, во комисија формирана од Градоначалникот на Општина Гази Баба, со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за задолжување на членовите на Советот на Општина Гази Баба за мандатен период 2021 - 2025 година, со основни средства - таблет компјутери.**

Претседателот на статутарно - правната комисија - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.11.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба, членот на советот - Орде Маневски (Левица) и претставникот од општинската администрација - Васко Апостоловски.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за задолжување на членовите на Советот на Општина Гази Баба за мандатен период 2021 - 2025 година, со основни средства - таблет компјутери, со **22 гласа "ЗА" и 3 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за прием во сопственост на движна ствар - компјутерска опрема, врз основа на правно дело.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за прием во сопственост на движна ствар - компјутерска опрема, врз основа на правно дело, со **25 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за задолжување на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај за превземање на активности со цел регулирање на постапка за поставување на броила за електрична енергија на земјоделско земјиште, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за задолжување на секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај за превземање на активности со цел регулирање на постапка за поставување на броила за електрична енергија на земјоделско земјиште, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **25 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2022 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и буџет - **м-р Сашо Кукески**, поднесе извештај од седницата одржана на 25.11.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ), Дарко Стојановски (Левица).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - септември 2022 година, со **16 гласа "ЗА", 5 гласа "ПРОТИВ" и 4 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

*Коментар од стручната служба:*

Претседателот на советот даде пауза од 20 минути за да се одржи седница на статутарно - правната комисија, за да завземе став по однос на **точка 9**.

**По паузата.**

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот - Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2022 година, со **22 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа.**

Претседателот на статутарно - правната комисија - **м-р Иван Симоновски**, поднесе извештај од седницата одржана на 28.11.2022 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за определување на членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес за избор на членови на советите на облиците на месната самоуправа, со **24 гласа "ЗА"**.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи осумнаесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **13:40** часот.

**Број 09-6892/2**
**од 20 декември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот